# ИЗВЕШТАЈ

## за повреди на човекови права

### од документирани случаи во Коалиција Маргини за периодот 1.5.2021 - 31.7.2021

**Драгана Дрндаревска**
**правна советничка, Коалиција Маргини**

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маригини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Во периодот од 1 мај до 31 јули 2021 година во Коалицијата Маргини се документирани 67 случаи на прекршување на правата, во кои има минимум 73 жртви од различни заедници. Документирани се 14 случаи во кои не можат да се одредат жртвите. Три од овие случаи се повреди на работнички права во текстилната индустрија во кои работодавачите не овозможуваат одредено работничко право на поголем број работнички, како на пример неисплаќање на минимална плата и нејзино условување со нормиран учинок, спротивно на закон. Во овие случаи жртви се голем број на работнички од Источниот регион, во најголем дел жени, со ниски примања кои работат во нехумани услови како форма на системска родова дискриминација во работните односи. Останатите 10 случаи во кои не можат да се утврдат жртвите се случаи на хомофобичен и трансфобичен говор на омраза на социјалните мрежи, особено во контекст на Парадата и Викендот на гордоста во кои се зголеми видливоста на ЛГБТИ заедницата. Но, овој известувачки период е карактеристичен и по други повреди на правата на ЛГБТИ луѓето. Еден од документираните случаи без конкретени жртви е дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет од страна на Мото Клуб Пелистер, кој изјави дека ЛГБТИ луѓето не можат да бидат членови на клубот како едногласно донесена политика на клубот. Случајот беше пријавен во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација која утврди дискриминација и препорача нејзино отстранување.

За разлика од претходниот, овој известувачки период има зголемување на бројот на случаи документирани од страна на самите жртви, кои се обратиле во Коалиција и побарале правна помош. Најголем дел од нив се ЛГБТИ лица и сексуални работници.

# Случаи според видови повреди на права и карактеристики на жртви

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | Попреченост | Жртви на родово засновано насилство и семејно насилство | Дете | ЛГБТИ лице | Нема конкретни жртви | **Вкупно Случаи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс | Мак. | Алб. | Ром. | Др. | | | | | | |
| 1 | Социјална заштита и социјални услуги | 4 | 6 | | 5 | | 4 | 1 | | 1 | | | | 9 |
| 2 | Работни односи | 2 | 1 | | 2 | 1 | | | | | | 1 | 3 | 6 |
| 3 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 3 | 2 | | | 1 | 5 | | | | 1 | | | 4 |
| 4 | Полиција, судство и затвори | 3 | 2 | 1 | 5 | | | 1 | | 2 | | 2 | | 4 |
| 5 | Семејно насилство и родово засновано насилство | 18 | | 2 | 9 | 10 | 2 | 1 | | 22 | 3 | 5 | | 19 |
| 6 | Насилство од омраза | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | | | 2 | 1 | 3 | | 5 |
| 7 | Говор на омраза | 4 | 4 | 4 | 11 | 1 | | | 1 | | | 6 | 10 | 16 |
| 8 | Добра и услуги | 1 | 6 | | | 1 | 6 | | | | 1 | | | 2 |
| 9 | Членување во здруженија | | | | | | | | | | | | 1 | 1 |
| 10 | Неовластено снимање | 1 | | | 1 | | | | | 1 | | | | 1 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 10 | 11 | 5 | 16 | 3 | 7 | | 1 | 1 | 1 | 13 | 11 | 25 |
| **Вкупно** | | **37** | **23** | **10** | **34** | **16** | **20** | **3** | **1** | **28** | **6** | **17** | **14** | |
| **Вкупно случаи** | | **67** | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно жртви** | | **73+**[1] | | | | | | | | | | | | |

[1] Бројката е од случаите од кои можат да се пресмета бројот на жртви. Во случаите на прекршување на работничките права жртвите се многубројни, а немаме пристап до етничката и родовата структура на вработените на кои им биле повредени одредени права од работен однос. Бидејќи се работи за прекршување на правата во текстилната индустирја, најголем дел од жртвите се жени.

Некоја форма на дискриминација е документирана во 25 случаи, од кои 15 се вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет онлајн (говор на омраза), четири (4) случаи на вознемирување од кои два на работно место, еден на улица и еден во судница; два случаи на директна дискриминација во пристапот до добра и услуги, еден кон Роми, а другиот кон Албанец; два случаи на дискриминација во здравството, еден кон бремена Ромка, а друг кон лице што употребува дроги. Најголем дел од документираните случаи на директна дискриминација се пријавени до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Во сите овие случаи се регистрирани добро познати дискриминаторски практики кои континуирано се повторуваат, како дискриминација на Роми и луѓе што употребуваат дроги во здравството, дискриминација на Роми на базените, сексуално вознемирување на жени на работно место, хомофобично и трансфобично вознемирување на социјални мрежи и други. Еден од документираните случаи е вознемирување на улица на лице со физичка попреченост во Тетово, кое секој пат кога ќе помине улица се сретнува со вознемирување, навреди и закани поради неговата попреченост, бидејќи возачите мораат да застанат на пешачкиот премин. Во претходниот известувачки период беше документиран и случај на насилство од омраза врз Ромка со попреченост. Иако се работи за само два случаи, вообичаено луѓето со попреченост барем наоѓаат на сожалување од страна на околината, но овие случаи од Тетово зборуваат за непријателска и понижувачка околина во која живеат овие луѓе. Инфраструктурата во Тетово е исклучително лоша и неприлагодена за потребите на лицата со попреченост *, на што се надоврзува нетрпението и омразата од страна на околината.

* Истражување на опсегот на родово-засновано насилство врз жени и девојки на јавниот простор во општина Тетово; Ирена Цветковиќ, Драгана Дрндаревска, Јана Коцевска, Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници Скопје, 2019 година, 68 стр.

Насилство од омраза е документирано во пет (5) случаи од кои во четири жртви се ЛГБТИ лица, од кои три транс жени од кои две транс сексуални работнички. Другите жртви се жена сексуална работничка, еден геј маж и едно малолетно дете Ром. Еден од документираните случаи е физичко насилство кон геј маж веднаш по Парадата на гордоста. Во три од овие случаи сторители се малолетни машки деца, што повторно зборува за последиците од токсичната машкост и за неопходноста од образование кое ќе промовира родова еднаквост и прифаќање на различностите. Два од случаите на насилство од омраза не се пријавени во полиција. Во едниот жртвата е трансродова жена, Ромка од Тетово, а во другиот жртви се две сексуални работнички, едната транс, од Гостивар. Два од непријавените случаи се од Полошкиот регион, што може да укажува на попатријахалната средина во овој регион или на помала доверба во полицијата. Во четири од документираните случаи жртви се лица кај кои се испреплетуваат повеќе маргинализирани идентитети, етничка припадност, сексуална ориентација и родов идентитет и едно лице кое е истовремено трансродова жена, сексуална работничка и Албанка. Кај сексуалните работници освен родово заснованото насилство на кое често се жртви, повремено, како овој случај се документира и насилство од омраза засновано на род. Ранливата позиција на овие жени од една страна, не уживањето на заштита од страна на органите на прогон, од друга страна, ги прави честа мета на насилници бидејќи не стравуваат од санкции.

Случаите на говор на омраза се однесуваат на сексуална ориентација и родов идентитет (15) и еден случај врз основа на попреченост. Тука спаѓаат случаите на говор на омраза на социјални мрежи по објава на информации и промотивен материјал за ЛГБТИ права, Викендот и Парадата на Гордоста. Говорот на омраза опфаќа навреди, закани по живот, закани со насилство, карактеризирање на ЛГБТИ луѓето како штетни по општеството, закана за децата, поврзување со педофилија и нацистички паралели за постапување со нив. Од овие случаи во пет директни жртви се активистите или лицата од ЛГБТИ заедницата кои одлучиле јавно да говорат за својата сексуална ориентација или родов идентитет или погенерално, за поддршка на правата на ЛГБТИ луѓето. Со овие дела директно им се загрозува безбедноста на ЛГБТИ активист(к)ите, се повредува нивното достоинство, се заплашуваат и се изложуваат на психолошко насилство кое негативно влијае на нивното психо-физичко здравје. Во овие случаи позитивен аспект е фактот што активистите ги пријавуваат до надлежните органи (полиција или јавно обвинителство). Но загрижува податокот дека сѐ уште во нити еден случај на говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето нема соодветно постапување кое резултира со казнување на сторителите. Во еден од пријавените случаи, Основното јавно обвинителство ја отфрли кривичната пријава, Вишото јавно обвинителство ја уважи жалбата и го врати предметот на постапување во основното јавно обвинителство. Но, од искуствата со претходни постапки, ваквото „пинк-понг" делување помеѓу основното и вишото јавно обвинителство најчесто трае предолго и не резултира со ефикасна истрага и со обвинителен акт. Со цел ефикасна заштита од говор на омраза, обвинителството мора да ги зајакне своите капацитети, да започне да го препознава овој криминал и неговите последици кон здравјето на жртвите но и кон загрозување на уставните вредности. Потребно е и дополнување на Кривичниот законик со цел експлицитно наведување на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи во делата ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем, расна и друга дискриминација, предизвикување на национална, расна и верска омраза, зазор и нетрпеливост и други.

Семејно насилство и родово засновано насилство е документирано во 19 случаи во кои сите сторители се мажи, а жртви жени, транс жени и деца. По етничка припадност на жртвите, 9 се Македонки, 10 Албанки, 2 Ромки и една Србинка, мигрантка без регулиран престој. Во четри случаи насилството се случува поради сексуалната ориентација или родовиот идентитет на жртвите, најчесто од страна на родителите или други блиски роднини. Во овие случаи најчесто станува збор за вербално и психолошко насилство и истото не се пријавува. Во осум случаи жртви се жени, сексуални работнички. Во случаите кон сексуалните работнички најчесто станува збор за физичко и сексуално насилство од страна на клиенти и поранешни партнери. Документиран е и еден случај на ограбување и физичко насилство од страна на клиент. Случаите на родово засновано насилство над сексуални работници се од Гостивар или Струмица, каде здружението СТАР-СТАР има свои ограноци. За разлика од Струмица, случаите во Гостивар речиси никогаш не се пријавуваат до надлежни институции бидејќи жените не веруваат дека полицијата ќе и помогне, а имаат и бројни искуства на злоупотреба и насилство од страна на полициски службеници * . Во полошкиот регион неопходно е да се развијат повеќе сервиси за бесплатна правна помош на жртви на родово засновано насилство, кои активно ќе работат со сексуалните работници, но и развивање на други социјални и здравствени услуги, како и редовно мониторирање на постапувањето на институциите. Во останатите пет случаи се работи за семејно насилство, најчесто физичко и психичко сторено од страна на сопрузите или партнерите на жртвите, и еден случај на сексуално насилство од свекорот на жртвата. Само четири (4) од 19 случаи се пријавени во полиција, центар за социјални работи и други надлежни институции.

* Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници: Годишен извештај 2018; Драгана Дрндаревска, Андреј Сених и Јована Ананиевска, Коалиција Сексуални и здравствени права намаргинализираните заедници Скопје, 2019 година, 25 стр.

Во областа на социјалната заштита документирани се девет (9) случаи, во кои жртви се 4 жени, 6 мажи, Македонци и Роми. Четири (4) од документираните случаи се однесуваат на извршување од средства добиени по основ на генерален минимален приход или друг социјален прилив. Останатите четири случаи се однесуваат на потешкотии при остварување на социјалните права, како погрешно одлучување и доцнење од страна на Центрите за социјална работа и комисиите за одлучување за надоместок за туѓа нега. Еден од случаите се однесува на социјални услуги кои му биле потребни на лицето бидејќи е неподвижно и се наоѓа во лоша здравствена состојба. Хелсиншкиот комитет барал од центарот да излезе на терен во домот на лицето и да утврди кои социјални права и услуги му се потребни, како помош и нега во домот, лична асистенција и слично (согласно член 75 од Законот за социјална заштита). Наместо да излезат на терен и да постапат согласно закон и Центарот за социјални работи и Министерството за труд и социјална политика не се изјасниле по барањето туку во одговорите ја опишувале постапката за добивање на надоместок за туѓа нега, иако ова социјално право не одговара на состојбата во која се наоѓа лицето бидејќи нема кој да се грижи за него. Центрите за социјална работа и покрај новините од Законот за социјална заштита во најголем обем продолжија да функционираат на истиот начин, да се фокусираат на администрирање на документите за социјалните приходи, без да посветуваат должно внимание на овозможувањето на социјални услуги со цел да одговорат на потребите на најранливите граѓани.

Во областа на работните односи се документирани шест (6) случаи, во кои во еден случај жртва е маж, а во другите жени. Во оваа област најмногубројни се горeспоменатите случаи во текстилната индустрија. Повредите на работничките права вклучуваат исплаќање на плата пониска од минималната, не исплаќање на регрес за годишен одмор и големи доцнења со платата. Работничките од Алкон-Текс Штип кон крајот на мај одржаа и протест бидејќи не ја добија априлската плата. За сите овие случаи е контактиран Државниот инспекторат на труд, додека досега има одговор само за случајот на Алкон-Текс. Еден од документираните случаи се однесува на сексуално вознемирување на работно место, каде еден од колегите постојано ги вознемирувал работничките, а во една прилика и го извадил пенисот. Пријавувањето кај работодавачот не дало резултат, кој советувал да се игнорира сексуалното вознемирување. Друг случај се однесува на хомофобично вознемирување на лезбејка од страна на клиентите на работното место, откако таа отворено излезе со својата сексуална ориентација во медиумите и на социјалните мрежи. Во последниот случај се документирани повреди на права во градежништвото, каде се работи за повреда на работното место по што работникот наместо надомест на штета добил отказ. Текстилната и градежната индустрија се озогласени по ваков вид на повреди на работничките права, за што е потребно властите да вршат редовен надзор и да изрекуваат соодветни казни кои ќе имаат одвраќачки ефект, со цел да не биде поисплатливо за овие работодавачи да ги прекршуваат правата отколку да ги почитуваат.

Во здравствената заштита и здравственото осигурување се документирани 4 случаи во кои жртви се пет (5) Роми и еден Албанец. Два од случаите претставуваат директна дискриминација врз основа на етничка припадност, кон бремена Ромка и врз основа на здравствена состојба, кон лице што употребува дроги. Третиот случај се потешкотии во остварувањето на правото на здравствено осигурување по основ на невработеност. Во четвртиот случај жртва е бремена Ромка и нејзиното малолетно дете. Жената влегла во ординацијата на матичната докторка бидејќи детето имало висока температура, за што докторката ѝ рекла дека ќе го прегледа ако плати 300 денари. Откако проверила дали имаат доволно средства жената се вратила со детето и ѝ рекла на докторката дека бидејќи плаќа бара убаво да се прегледа детето. Докторката во тој момент одбила да го прегледа детето, се развикала и пробала да ги избрка од ординацијата. И покрај молењето докторката ја бркала, а од револт жената го бутнала средството за дезинфекција. Докторката во тој момент физички ја нападнала бремената пациентка и ѝ нанела видливи модрици и гребаници. Полицијата која дошла во амбулантата не ѝ поверувала на пациентката дека модриците и гребаниците се од докторката туку и кажале дека сигурно се од маж ѝ. Овој случај ја покажува суровоста, неодговорноста и предрасудите кон Ромите во здравството кои ги дехуманизираат, а системот кој се солидаризира со насилниците наместо со жртвите, само поради расата и социјалниот статус. Иницијативата на жени на Шуто Оризари покрена соодветни постапки пред надлежни институции од кои се чекаат одговори.

Во областа на полицијата, судството и затворите се документирани четири (4) случаи во кои жртви се три жени, од кои една сексуална работничка, двајца мажи и една трансродова жена. Во еден од случаите се работи за пар лезбејки кои претрпеле насилство од омраза и отишле да го пријават во полициска станица, а полицајците одбиле да постапат бидејќи немало сериозни повреди. Притоа во записникот делото не е регистрирано како дело од омраза, а жртвите се опишани како „другарки“ наместо пар. Еден од случаите се однесува на заплашување, непрофесионално и насилничко однесување кон лице што употребува дроги од страна на полициски службеници. Третманот на лицата што употребуваат дроги како „дежурни виновници“ од страна на полицијата и понижувачкото однесување кон нив континуирано се документира во Коалицијата Маргини. Лицата што употребуваат дроги се изразено немотивирани за покренување на постапки против полициските службеници, немаат воопшто доверба во институциите и се плашат од одмаздничко однесување на полицајците. Оттука, најголем дел од овие случаи не се пријавуваат. Во друг од документираните случаи жртва е бездомно лице, маж од Тетово, кој бил затекнат надвор за време на полициски час и му била изречена казна од 2000 евра и дополнително е обвинет за тешка кражба иако дури и да ги украл, се работи за само 1000 денари. Случајот илустративно ги покажува последиците од не водењето на грижа за состојбите на бездомните лица при изрекувањето на мерките за забраната за движење во пандемијата, но и недостаток на разбирање и емпатија за овие лица од страна на полициските службеници.

Најголем дел од документираните случаи се од Полошкиот регион (20), а потоа Источниот и Скопскиот (по 12 случаи). Голем број од случаите (16) се случиле онлајн, со употреба на социјални мрежи и алатки за директна комуникација. Бројот на онлајн случаите расте, иако не станува збор за репрезентативна статистика, очигледна е потребата од јакнење на капацитетите на институциите за справување со овој вид криминал и негово препознавање како сериозно прекршување на правата за кое е неопходно да се заштити жртвата и казни сторителот.

И повторно „сама си го барала“

Еден од документираните случаи сведочи токму за овој проблем. Жртвата отишла во одделот за електронски криминал да пријави дека на некоја веб страница се објавени нејзини приватни и интимни фотографии со навреди кон неа. Лицето кое се претставило како началник и рекло дека ова „не е голем криминал“, со жртвата разговарал во ходник и ѝ кажал дека оние не се надлежни. Продолжил да коментира, па на жртвата ѝ рекол дека сама си ги ставила сликите на социјална мрежа, обвинувајќи ја неа за сексуалното вознемирување онлајн. Службеникот продолжил и со навредувачки и понижувачки коментари за разликата во години помеѓу жртвата и нејзиниот сопруг, кој ја придружувал. На крај ја упатил да „си најде информатичар“ па така сама да си го реши проблемот. Овој случај е илустративен пример за начинот на кој реагираат полициските службеници на пријавите за родово засновано насилство онлајн, со обвинување на жртвите кои се сликале наместо на насилниците кои ги злоупотребуваат нивните фотографии и други лични податоци.

## документирани случаи по место на случување

# Случаи според видови повреди на права и распределба по региони

| Видови повреди на права | | Региони | | | | | | | Медиуми/ социјални мрежи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полошки | Вардарски | Источен | Скопски | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | |
| 1 | Социјална заштита и социјални услуги | 2 | | 7 | | | | | |
| 2 | Работни односи | 1 | 1 | 3 | 1 | | | | |
| 3 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 1 | | 1 | 2 | | | | |
| 4 | Полиција, судство и затвори | 2 | | | 2 | 1 | | | |
| 5 | Семејно насилство и родово засновано насилство | 10 | 1 | | 5 | | 3 | | |
| 6 | Насилство од омраза | 2 | | 1 | 2 | | | | |
| 7 | Говор на омраза | 1 | | | | | | | 15 |
| 8 | Добра и услуги | 1 | | | | | | 1 | |
| 9 | Членување во здруженија | | | | | | | | 1 |
| 10 | Неовластено снимање | | | | | | 1 | | |
| Случаи во кои има дискриминација | | 3 | | | 5 | | | 1 | 16 |
| **Вкупно по региони** | | **20** | **2** | **12** | **12** | **1** | **4** | **1** | **16** |

# Родови аспекти од документираните случаи

Во документираните случаи има поголем број на жени жртви, 37, наспроти 23 мажи и 10 трансродови жени. Родовите разлики се должат на големиот број на случаи на семејно и родово засновано насилство во кои жртви се жените, а сторители мажите без исклучок. Жените доминираат и како жртви во повредите на работничките права. 17 ЛГБТИ лица биле жртви во документираните случаи. Мажите се јавуваат како жртви во повредите на правата од социјална заштита, пристапот до добра и услуги и во говорот на омраза каде жртви се геј мажи. На насилство на омраза најранливи се трансродовите жени, Ромки и Албанки, геј мажите и сексуалните работнички, што ни укажува и на родова заснованост на овој вид криминал.

Иако не се работи за репрезентативна статистика, видливи се прекршувањата на правата засновани на род, а особено ако се земе родот во интерсекција со други карактеристики како раса, етничка припадност и занимањето со сексуална работа. Спроед документираните случаи жените имаат големи потреби во унапредување на состојбите во областа на заштитата од семејно и родово засновано насилство и во областа на работните односи со фокус на традиционално женските индустрии како текстилната. Во голем дел на документираните повреди на права како насилството од омраза, семејното насилство, дискриминацијата и говорот на омраза доминираат родовите аспекти, односно овие дела се случуваат пореди строгата патријархална матрица која сѐ уште е доминантна во нашето општество и која продуцира двојни стандарди, мизогинија, хомофобија, трансфобија и строго санкционирање на слободната женска сексуалност.

# Препораки

1. Доследно спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство

2. Измени и дополнувања на Кривичниот закон со цел експлицитна забрана на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет

3. Зајакнување на капацитетите на полициските службеници и обвинителите, како и зајакнување на механизмите за контрола, одговорност и отчетност на полицијата и обвинителствата во областа на заштита од родово засновано насилство, кривични дела од омраза, говор на омраза и формите на овие дела сторени онлајн

4. Усогласување на Законот за полиција и подзаконските акти со Истанбулската конвенција

5. Декриминализација на сексуалната работа како модел на регулација заснован на човекови права и со кој се овозможува заштита на сексуалните работници од родово засновано насилство

# Препораки

6

Унапредување на пристапноста на инфраструктурата за лицата со попреченост и спроведување на активности за промоција на нивните права во Полошкиот регион

7

Зајакнување на капацитетите за работа со маргинализирани групи, зајакнување на механизмите за одговорност и отчетност на здравствените работници во случаи на повреда на правата на пациентите, расна дискриминација и дискриминација на лица што употребуваат дроги

8

Развивање на сервиси и услуги за жртви на родово засновано насилство, помеѓу кои и бесплатна правна помош, пријателски настроени кон сексуалните работници во Полошкиот регион

9

Спроведување на редовни надзори во текстилната индустрија и изрекување на ефикасни казни кои имаат одвраќачки ефект за работодавачите сторители на повреди на права

Проектот е финансиран
од Европската Унија